АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.11.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6606 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 19 до 25 октомври 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 18 ноември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално–инструментална музика; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**
   Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван од 19 до 25 октомври 2015 година, на државно ниво, **не се констатирани прекршувања на член 92 ставови 4 и 6 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со мониторингот е утврдено дека програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје:

- Ја почитува обврската во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик. Во анализираната недела емитуваше 13 часа 7 минути и 8 секунди музика;
- Ја почитува обврската за процентуална распределба на емитуваната музика - 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 6 часа 47 минути и 50 секунди, а забавна музика со 6 часа 19 минути и 18 секунди;
- Ги почитува одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во овој период, емитуваше вкупно 5 часа 33 минути и 18 секунди инструментална музика од македонски автори и вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, од кои 2 часа 48 минути и 36 секунди народна и 2 часа 44 минути и 42 секунди забавна музика.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***